# ОД РАБОТАТА НА XI ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ДРШТВАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СР МАКЕДОНИЈА, одржано на 27. X 1974 година во Стар Дојран.

На Собранието присуствуваа 62 делегати со полномошни и 25 гости, меѓу кои: претседателот на Сојузот на историчарите на Југославија д-р проф. Бранислав Вранешевиќ, д-р проф. Виктор Карасјов од Универзитетот Ломоносов во Москва, претставници од општествени организации и други институции од Републиката и општината Гевгелија.

По поздравите што ги упати претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, д-р Петар Стојанов, кон гостите и присутните делегати, истиот го објави

## ДНЕВНИОТ РЕД:

1) Отворање на собранието и избор на работни тела;

2) Извештај на Извршниот одбор за работата на Сојузот меѓу X и XI год. собрание;

3) Извештај на Надзорниот одбор за финансиското работење на Сојузот;

4) Извештај на Редакцијата на сп. „Историја“, орган на Сојузот;

5) Предлог за измени и дополнувања на Статутот;

6) Дискусија по сите извештаи и заклучоци за идната работа;

7) Избор на нови раководни тела на Сојузот и Редакција на сп. „Историја“.

Собранието го усвои дневниот ред без измени и дополнувања.

По усвојувањето на дневниот ред се пристапи кон избор на работно претседателство и други тела.

Во работното претседателство беа предложени и избрани:

1. Благоја Цветковски — проф. на ПА — Штип,

2. Дамјан Лепчески — проф. советник при Репуб. зав. за школство,

3. Д-р Петар Стојанов — Виш науч. соработник во ИНИ.

За записничари:

1. Иван Маневски, проф. советник при Заводот за школство на Скопје,

2. Григор Николов, наставник во осн. уч. „Рајко Жинзифов“ — Скопје.

За заверувачи на записникот:

1. Миле Михајлов, стручен соработник во ИНИ — Скопје,

2. Александар Матковски, советник во ИНИ — Скопје.

За Верификациона комисија:

1. Костадин Коцевски, проф. — Тетово,

2. Ордан Мецанов, проф. — Т. Велес,

3. Даринка Пачемска, асистент на Филозофско-историскиот факултет во Скопје.

За Кандидациона комисија:

1. Ѓорѓи Танчев — Гевгелија,

2. Крсте Битоски — Скопје,

3. Милан Стојановски — Скопје.

За Изборна комисија:

1. Слободан Мурџов — Гевгелија,

2. Ристо Динев, проф. — Битола,

3. Бранко Панов проф. — Скопје.

Собранието го поздравија и му посакаа плодна работа д-р Бранислав Вранешевиќ и д-р Виктор Карасјов.

Во својот поздравен говор д-р Вранешевиќ, во името на Сојузот на историчарите на Југославија на ИО на СДИМ, му искажа пофалба за успешната организација и работа на III семпозиум за настава во Охрид. Потоа нагласи дека се поготвува III книга на Југословенската историографија па го покани членството на СДИМ на соработка.

Д-р Виктор Карасјов го поздрави Собранието од името на историчарите од СССР. Тој присуствувал и на други собири, па сè здобил со позитивна претстава за работата на историчарите од Македонија и СФРЈ. Се заблагодари на гостопримството и ќе настојува плодната соработка со историчарите од СССР да продолжи понатаму и уште повеќе да се продлабочи и да се зачести размената на студенти од Скопскиот универзитет и од универзитетот Ломоносов во Москва.

Д-р Миле Тодоровски го поздрави Собранието од името на ИНИ. Нагласи дека соработката на ИНИ со СДИМ е од посебно значење и влијае врз научната мисла и наставата.

По искажаните поздрави, претседателот на работното претседателство ги покани присутните со едноминутно молчење да му ода-дат почит на починатиот претседател на Скопското друштво на историчарите проф. Делиниколов Костадин.

По ова се премина на втората точка од дневниот ред.

Претседателот д-р П. Стојанов го прочита извештајот за работа на Сојузот меѓу X-тото и XI-тото годишно собрание.

По извештајот за работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, Верификационата комисија поднесе извештај од кој се гледа дека:

На собирот присуствуваат: 44 члена со редовни полномошна од своите друштва, 10 члена од Извршниот одбор на Сојузот кои согласно Статутот полноправно се делегати и 8 делегати кои од технички причини немаат полномошна.

Собранието се согласи и овие 8 делегати да бидат полноправни. Со тоа собранието работеше со вкупно 62 делегата.

Извештајот за финансиската работа го поднесе членот на Надзорниот одбор Даница Марковска.

**ПРИХОДИ:**

| | |
|---|---|
| Салдо затечено на 1. I. 1973 год. | |
| | 26.659,50 |
| | 1.483,00 |
| од у... | 14.485,00 |
| Котизација — ИНИ | 650,00 |
| Републичка конф. | 11.000,00 |
| Членарина — Битола | 280,00 |
| по суд | 550,00 |
| Вкупно: | 55.009,00 |

**РАСХОДИ:**

| | |
|---|---|
| Фонд | 1.480,00 |
| канц. материјал | 3.603,00 |
| Реп. | 2.000,00 |
| Усл. | 953,00 |
| Печат. трош. | 867,95 |
| Котизација — Белград | 2.700,00 |
| Патни и дневни | 17.093,40 |
| Членарина | 3.000.00 |
| Превоз — Будва | 12.500,00 |
| Граѓ. пр. | 7.040,00 |
| Сала во Охрид | 4.250,00 |
| Вкупно: | 54.782,35 |

Салдо на 23. X. 1974 год. 2.971,50

По читањето на извештајот се прочитаа поздравни телеграми од: Друштвото на историчарите на СР Црна Гора, Друштвото на историчарите на СР Б и Х и Друштвото на историчарите на СР Словенија.

Извештај на Редакцијата на списанието Историја — орган на Сојузот на историските друштва на СРМ за периодот меѓу X и XI собрание поднесе проф. д-р Војо Кушевски, одговорен уредник на списанието.

**Во дискусијата по извештаите** — учествуваа:

— Коце Коцевски — претседател на Друштвото на историчарите од Тетово и истакна неколку проблеми од работата на Друштвото на историчарите во Тетово. Тој подвлече дека Друштвото уште не си го нашло местото пред општинските фактори во однос на финансирањето, па би требало да се направат нужни чекори за поповолен третман.

К. Коцевски бара во списанието Историја да има повеќе содржини од наставната практика и согледувања во методиката на наставата по историја.

Искажува благодарност на претседателот д-р Петар Стојанов и на советникот при Републичкиот завод за школство Дамјан Лепчески за укажаната помош во активирање на Друштвото.

— Глигор Николов, наставник во основното училиште „Рајко Жинзифов" — Скопје, секретар на Скопското друштво, во својата дискусија ја изложи активноста на историчарите од Скопје и образложи зашто немало извештај во писмена форма поради што и претседателот д-р Стојанов не кажа ништо за работата на најбројното и активно друштво во Македонија.

— Д-р Славко Димевски. Во радиото и телевизијата има 15 историчари, доволно за ширење на историската мисла меѓу слушателите од широкиот аудиториум и училиштата. Тој настојува Сојузот да обрне повеќе внимание на новинарските куќи како би ја следеле работата на друштвата.

— Д-р Петар Стојанов. Сојузот има формирано повеќе групи на историчари во информативните

листови и гласила, но за жал тие малку се афирмираа. Во јавните гласила често среќаваме дезинформации во врска со историските факти. Нужно е историчарите во ТВ и Радиото да се организираат и активираат.

Покрај ова тој предложи при Друштвото на историчарите во Скопје да се оформи група за историјата на физичката култура.

— Проф. Благоја Цветковски смета дека работата на Сојузот целосно е успешна, само мисли дека не е доволно позната на пошироката јавност и има карактер на манифестација. Смета дека е нужно повеќе да се зафатиме со научна работа на теренот, да ја најдеме политичката нишка.

Нашето списание Историја доволно е свртено кон наставата, само досегашните наслови имаат повеќе карактер на теоретско-дидактички написи. Отсуствува креацијата, практиката, она што може да биде пример. Се чини дека сме на границата на теоретизирање. **Настојувам** секое успешно предавање да се испрати до Редакцијата и истата да го објави".

— Митко Алексов, претставник на Социјалистичкиот сојуз на раб. народ на Македонија, појасни некои прашања од Уставот на СРМ да се измени работата и односот кон работата на општествените проблеми. Тие да бидат предмет на разговори, а друштвата да се организираат на **делегатски принцип.** При измената на Статутот на Сојузот треба да се има предвид и општонародната одбрана. Апелира за поголема соработка со Социјалистичкиот сојуз.

— Паќески Алексо — Битола. На историчарот не му е местото да биде неактивен и аполитичен.



Тој нагласи дека има градови во кои сè уште нема оформени историски друштва. Смета дека причините не се во тоа што историчарите не сакаат, но треба да се најдат на раководните места погодни луѓе.

Списанието Историја има наслови со долга содржина. Содржините да бидат покуси, и списанието да излегува повеќе пати. Ние од теренот се плашиме да испратиме написи, затоа што во списанието наоѓаме само написи од еминентни стручњаци, што значи дека практичарот нема пристап.

— Ѓурѓевка Донеска даде опширен извештај за работата на групата историчари во радио-телевизиските емисии наменети за учениците и широката јавност. Таа наведе неколку остварени радио-часови изведени во школите.

Во текот на работата на Собранието пристигна и другарот Благоја Талески — претседател на Собранието на СР Македонија. Тој во својата дискусија зборуваше за промените во врска со новиот Устав и современото индустриско општество. Тој смета дека секој дел од општеството треба да придонесе за понатамошниот развиток. Пред Друштвото на историчарите претстои и како најглавна задача издавање Историографијата на Македонија. Но тоа не значи дека треба само на тоа да се ограничи историчарот, туку тој мора да биде сестрано заинтересиран. Историчарот треба да сфати дека е најодговорен во ова општество бидејќи е тој кој најповеќе им ја презентира на младите вековната борба и жртвите што се дадени за ова што го имаме денес. Историчарите мора да излезат од професионалноста

и да навлезат во сите сфери на општествениот развиток и кон сите проблеми да приоѓаат со научна, марксистичка мисла. Само сестрано продуховен човек може да придонесе и да биде носител на прогресот.

Во натамошното излагање другарот Талески зборуваше за акцентот во содржините по историја, радиото и телевизијата. При тоа треба да се има предвид најблиското минато каде што работничката класа и нејзината авангарда се поврзуваат со народот. Треба да се согледа и политиката на „соседската“ буржоазија и нејзините стремежи кон Македонија.

— Миле Михајловски, стручен соработник од ИНИ, инсистираше во својата дискусија за собирање на мемоарска граѓа.

— Проф. Борис Тасев од Виница го поздрави Собранието од името на историчарите од Виница и изнесе некои проблеми со кои се соочуваат историчарите на теренот. Тој нагласи дека на теренот има доста невработени историчари за кои треба Друштвото да поведе повеќе сметка.

— Проф. Љубен Лапе: Од извештајот и дискусиите можеме да заклучиме дека останаа отворени прашања на кои треба да се даде одговор. Извештајот прикажува една богата активност. Има доста недовршени работи кои ќе треба да се довршат. За намалување е обемот на списанието. Да се обидеме списанието да го издаваме преку „Просветно дело“. Да се зголеми хонорарот на соработниците.

— Д-р Воја Кушевски во својата дискусија го дополни извештајот за работата на Редакцијата на сп. Историја и наведе повеќе примери на објавени практични примери на обработени наставни содржини. Тој се согласува списанието да има поголем обем, но, напоменува дека треба да има луѓе кои исклучиво ќе работат на списанието.

— Ѓоко Миљковиќ дискутираше и писмено приложи свои предлози за соработка историчар — музеј.

*

Заклучувајќи ја дискусијата д-р Петар Стојанов, во името на членството и од свое име се заблагодари на Редакцијата, а посебно на Кушевски за успешната работа околу списанието Историја.

Тој предложи, врз основа на дискусијата и записникот да се направат заклучоци за Програмата на идната работа на Сојузот и да се испратат до сите друштва во внатрешноста. Тој ја истакна и потребата што побрзо да се реши прашањето со Историографијата на Македонија како би се печатела истата во III книга на Историографијата на Југославија за Конгресот во Сан Франциско.

Д-р Петар Стојанов ги замоли присутните да се изјаснат да ли се прифаќа извештајот на ИО и да дадат разрешение на досегашните раководни органи на Сојузот.

Присутните делегати едногласно го усвоија извештајот на ИО и дадоа разрешение на досегашните раководни органи на Сојузот.

По ова Кандидационата комисија пред Собранието го прочита предлогот на кандидатската листа:

I. **Кандидати за членови на ИО на Сојузот:**

1. Стојанов д-р Петар — Скопје — за претседател
2. Динев Ристо — Битола — за член
3. Димовски Наум — Прилеп — за член
4. Ивановски д-р Владо — Скопје — за член
5. Јовановски Нуфре — Гостивар — за член
6. Картов д-р Владо — Скопје — за член
7. Николовски Глигор — Скопје — за член
8. Панов д-р Бранко — Скопје — за член
9. Стојков Благој — Т. Велес — за член
10. Тодоровска Милка — Скопје — за член
11. Топликиев Борис — Штип — за член
12. Укшими Фејзула — Скопје — за член
13. Чинговски Никола — Скопје — за член

II. **Кандидати за членови на Надзорниот одбор:**

1. Лепчевски Дамјан — Скопје
2. Панговски Трпко — Скопје
3. Тодоровски Глигор — Скопје

III. **Кандидати за членови на Судот на честа:**

1. Димовски Јордан — Скопје
2. Лозановска Олга — Скопје

IV. **Кандидати за членови на Редакцијата на сп. Историја**

1. Апостолов д-р Александар — Скопје, одговорен уредник
2. Битоски д-р Крсте — Скопје член
3. Кушевски д-р Војо — Скопје, за член
4. Тодоровски д-р Миле — Скопје, за член
5. Томовски Томо — Скопје, за член.

V. **Кандидати за членови на Редакцијата на ЈИЧ:**

1. проф. Љубен Лапе

VI. **Кандидати за членови на Редакцијата Настава Историја**

1. Дамјан Лепчевски

VII. **Кандидати за членови на Редакцијата Акта економика-хисторика**

1. проф. д-р Данчо Зографски

Предложената кандидациона листа на раководни органи на Сојузот од делегатите беше со акламација прифатена.

По ова претседателот на Сојузот д-р Петар Стојанов ја објави потребата за измени и дополнувања на Статутот и поднесе конкретни предлози. Собирот се изјасни да се изменат и да се дополнат следните членови и точки од Статутот на Сојузот на друштвата на историчарите и тоа:

1. Во преамбулата наместо „историските друштва на СРМ" да биде „друштвата на историчарите на СРМ"...

2. Во чл. 2 по третата алинеја да се внесат две нови алинеи и тоа:

— Да го развива социјалистичкиот патриотизам кај своето член-

ство, работните луѓе, младината и граѓаните во нашата земја.

— Да развива активности во подготовките на членството, работните луѓе и граѓаните за општонародната одбрана и самозаштита.

3. Во чл. 22, во алинејата 5 зборот „редакцискиот" да се замени со зборот „издавачкиот".

4. Во чл. 24 во првата алинеја во првиот ред бројката „9—11" да се замени со „11—13".

5. Во чл. 28 во алинеја трета реченицата да заврши со „и Комисијата за општонародна одбрана и самозаштита".

6. Чл. 34 да се измени и да гласи: „Списанието го уредува Редакција. Таа се состои од 3 до 5 члена и се избира на редовно собрание на Сојузот. Со работата на Редакцијата раководи главен и одговорен уредник. Тој се избира на редовно собрание на Сојузот. Редакцијата за својата двегодишна работа поднесува извештај на редовното собрание на Сојузот.

Редакцијата во периодот меѓу двете годишни собранија работи и одговара за исполнување на своите задачи пред Издавачкиот одбор, а до неговото создавање пред Извршниот одбор на Сојузот и е должна на истиот да му поднесува периодичен извештај".

7. Чл. 35 да се измени и да гласи: „Надлежноста и задачите на Редакцијата поконкретно се утврдуваат со посебен Правилник за работа на Редакцијата и други нужни нормативни акти, кои на предлог на истата ги донесува Издавачкиот совет, а до неговото создавање Извршниот одбор на Сојузот".

На крајот согласно Статутот на предлог на Друштвото на историчарите на Тетово собранието одлучи идното XII-то собрание да се одржи во Тетово.

Во рамките на последната 7-ма точка делегатите со тајно гласање извршија избор на новите раководни органи на Сојузот. Во новите раководни органи беа избрани сите предложени кандидати по кандидатските листи на Кандидационата комисија.

Повторно избраниот претседател на Сојузот д-р Петар Стојанов, заблагодарувајќи им се на делегатите за изборот од свое име и од името на сите избрани во новите раководни тела на Сојузот, ги покани делегатите, а преку нив и сето членство на Сојузот за соработка со ИО и за уште поголема активност и поуспешна работа до XII-то собрание.

Со ова Собранието ја заврши својата работа.

**Г. Н.**

## МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ПОСВЕТЕН НА 100-ГОДИШНИНАТА НА ВОСТАНИЕТО ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, НА ДРУГИТЕ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ И НА ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875—1878 ГОДИНА

Во организација на Меѓуакадемискиот одбор на советите на академиите на науките и уметностите на СФРЈ се одржа научен симпозиум од 1—3. октомври 1975 година во Сараево (Илиџа) посветен на настаните содржани во горниов наслов.